**З А П И С Н И К**
**од 64- та седница на Советот на Општина Велес**
**која се одржа на ден 28.05.2025 година**

Претседателот на Советот Даниел Јаневски, констатираше дека на почетокот на седницата присуствуваат 13 члена на Советот.

Потоа ја отвори 64-та седница на Советот на Општина Велес, која започна во 10:25 часот.

Пред да го прочита предложениот дневен ред, претседателот го стави на расправа записникот од 63-та седница на Советот на Општина Велес. За расправа немаше пријавено никој и се стави на гласање, по гласањето се утврди дека од 14 присутни со 14 гласа „за“ беше усвоен записникот од 63-та седница на СОВ.

Потоа претседателот го стави на расправа записникот од 5–та вонредна седница на Советот на Општина Велес. За расправа немаше пријавено никој и се стави на гласање, по гласањето се утврди дека од 15 присутни со 15 гласа „за“ беше усвоен записникот од 5-та вонредна седница на СОВ.

Претседателот на Советот ги прочита точките кои се предложени во следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Советнички прашања;
2. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 г. до 31.03.2025 г.
3. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
4. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
5. Предлог –решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување);
6. Предлог - решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (Џуниор Ачивмент Европа);
7. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП1.30 во рамките на Измена и дополна на Детален урбанистички план за МЗ Алексо Демниевски- Велес, дел од локалитет Керамидна,Општина Велес;
8. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП „Димитар Влахов“ Општина Велес;
9. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 и ДЕЛ ОД УБ20, УЕ II м.в. Трпезица, со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ , Општина Велес;
10. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП од ДУП измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ –ЗОНА 2- ВЕЛЕС со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес;
11. Предлог – одлука за поништување на Одлука со бр. 25-2823/26 од 08.07.2024 година за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација за ГП 1.6 и ГП 1.7, согласно ДУП: за Централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ 4 - Општина Велес, Одлука бр. 07-4382/5 од 14.09.2010 год.;
12. Предлог – одлука за давање согласност за склучување на Договор за кофинансирање на изградба на потпорен ѕид на дел од КП 6246 и КП 6248 КО Велес, Општина Велес;
13. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 712 во КО Отовица;
14. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година;

15. Предлог – Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Васил Главинов“ –Велес;
16. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Васил Главинов“ –Велес за 2026 година;
17. Предлог - решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески“ –Велес за 2026 година;
18. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски -Буридан“ – с. Иванковци, Велес за 2026 година;
19. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов“ –Велес за 2026 година;
20. Предлог - Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема и ситен инвентар) на ООМУ „Стефан Гајдов“ –Велес
21. Предлог – решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ –Велес за 2026 година;
22. Предлог –одлука за верификација на мандатите на членовите на Локален младински совет на Општина Велес;
23. Предлог –Правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес;
24. Предлог –решение за давање согласност на Одлука за определување на почетна пазарна цена за издавање на магацинско –деловен простор под закуп во Спортска сала „Гемиџии“ Велес;
25. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
26. Предлог – решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
27. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
28. Предлог – решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
29. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
30. Предлог – решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
31. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
32. Предлог - решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
33. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Управен одбор во Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ Велес, претставник на Општина Велес;
34. Предлог - решение за именување на член во Управен одбор во Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ Велес, претставник на Општина Велес;
35. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација;
36. Предлог - решение за именување на член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација;
37. Предлог - решение за престанок на мандат на член (претседател) во Комисијата за општествени дејности;
38. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за општествени дејности;
39. Предлог - решение за именување на претседател во Комисијата за општествени дејности;
40. Предлог – решение за престанок на мандат на член (претседател) во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;
41. Предлог - решение за именување на член во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;

42. Предлог- решение за именување на претседател во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;
43. Предлог –решение за престанок на мандат на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите;
44. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите;
45. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Комисијата за заштита на правата на децата;
46. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за заштита на правата на децата;
47. Предлог - решение за престанок на мандат на членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации;
48. Предлог - решение за именување членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации
49. Наративен и финансиски извештај за „Театарски фестивал 5ре “ од ЗГ „Плус публика“ – Велес за 2025 година.

Од Градоначалникот Марко Колев доставено е известување со бр.08-2893/4 од 27.05.2025 година за симнување на точката: 23. Предлог – Правилник за утврдување на начинот за вршење видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Велес од причини што за истото е потребно обезбедување на дополнителни податоци и информации со цел усогласување согласно законската регулатива.

Со известување со бр. 25-2793/2 од 28.05. 2025 година се бара симнување од дневниот ред на точката бр.20 - Предлог - Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема и ситен инвентар) на ООМУ „Стефан Гајдов“ –Велес од страна на ООМУ „Стефан Гајдов“ –Велес по поднесено барање со бр. 03-160/2 од 28.05.2025 година.

Од страна на претседателот беше даден предлог дневниот ред да се дополни со три точки по итна постапка и тоа: Предлог –одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес под реден број 14, Предлог-решение за давање мислење на Програма за еднодневна екскурзија на учениците на ООУ „Лирија“ –с. Бузалково, Велес во учебната 2024 -2025 година под реден број 22 и Предлог- решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес под реден број 24.

Предлозите по итна постапка се ставија на изјаснување до советниците. За првиот предлог Предлог - одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес советниците за итноста се изјаснија од 15 присутни членови на СОВ со 15 гласа „за“, за вториот предлог советниците за итноста се изјаснија од 15 присутни членови на СОВ со 14 гласа „за“(членот Невзат Муаремовски се иззема од гласање) и истите го добија потребното мнозинство на гласови и стануваат дел од дневниот ред за денешната седница.

Понатаму се стави на гласање и третиот предлог Предлог - решение за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес и за итноста на овој предлог членовите на СОВ од 15 присутни членови на СОВ со 14 гласа „за“ и 1 глас „ воздржан“ и истата го доби потребното мнозинство на гласови и стана дел од дневниот ред за денешната седница.

Дневниот ред со дополнителните три точки и без двете симнати точки од предлагачот се стави на гласање. По гласањето се констатираше дека од 16 присутни членови на СОВ со 16 гласа „за“, беше усвоен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Советнички прашања
2. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 г. до 31.03.2025 г.
3. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
4. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
5. Предлог –решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (за лекување);
6. Предлог - решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година (Џуниор Ачивмент Европа);
7. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29 и ГП1.30 во рамките на Измена и дополна на Детален урбанистички план за МЗ Алексо Демниевски- Велес, дел од локалитет Керамидна,Општина Велес;
8. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП „Димитар Влахов" Општина Велес;
9. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 и ДЕЛ ОД УБ20, УЕ II м.в. Трпезица, со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ , Општина Велес;
10. Предлог - одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП од ДУП измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ –ЗОНА 2- ВЕЛЕС со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес;
11. Предлог – одлука за поништување на Одлука со бр. 25-2823/26 од 08.07.2024 година за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација за ГП 1.6 и ГП 1.7, согласно ДУП: за Централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ 4 - Општина Велес, Одлука бр. 07-4382/5 од 14.09.2010 год.;
12. Предлог – одлука за давање согласност за склучување на Договор за кофинансирање на изградба на потпорен ѕид на дел од КП 6246 и КП 6248 КО Велес, Општина Велес;
13. Предлог – одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 712 во КО Отовица;
14. Предлог – одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Велес;
15. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година;
16. Предлог – Решение за давање согласност на Одлука за отпис и расходување на основни средства (опрема, ситен инвентар и др.) на ООУ „Васил Главинов" –Велес;
17. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Васил Главинов" –Велес за 2026 година;
18. Предлог - решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Блаже Конески" –Велес за 2026 година;
19. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Стојан Бурчевски -Буридан" – с. Иванковци, Велес за 2026 година;
20. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ООМУ „Стефан Гајдов" –Велес за 2026 година;
21. Предлог – решение за исправка на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување на СОУ „Гимназија Кочо Рацин" –Велес за 2026 година;
22. Предлог –решение за давање мислење на Програма за еднодневна екскурзија на учениците на ООУ „Лирија" –с. Бузалково, Велес во учебната 2024 -2025 година;
23. Предлог –одлука за верификација на мандатите на членовите на Локален младински совет на Општина Велес;
24. Предлог – решение одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи" Велес;

25. Предлог –решение за давање согласност на Одлука за определување на почетна пазарна цена за издавање на магацинско –деловен простор под закуп во Спортска сала „Гемиџии“ Велес;
26. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
27. Предлог- решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
28. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес;
29. Предлог – решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
30. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
31. Предлог – решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈКП „Дервен“ Велес;
32. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
33. Предлог - решение за именување на член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес;
34. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Управен одбор во Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ Велес, претставник на Општина Велес;
35. Предлог - решение за именување на член во Управен одбор во Јавната здравствена установа „Здравствен дом“ Велес, претставник на Општина Велес;
36. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација;
37. Предлог - решение за именување на член во Управен одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Велес, претставник на општинската администрација;
38. Предлог - решение за престанок на мандат на член (претседател) во Комисијата за општествени дејности;
39. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за општествени дејности;
40. Предлог - решение за именување на претседател во Комисијата за општествени дејности;
41. Предлог – решение за престанок на мандат на член (претседател) во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;
42. Предлог - решение за именување на член во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;
43. Предлог- решение за именување на претседател во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес;
44. Предлог – решение за престанок на мандат на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите;
45. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите;
46. Предлог - решение за престанок на мандат на член во Комисијата за заштита на правата на децата;
47. Предлог - решение за именување на член во Комисијата за заштита на правата на децата;
48. Предлог - решение за престанок на мандат на членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации;
49. Предлог - решение за именување на членови на Комисијата за распределба на простории, сопственост на Општина Велес на невладини организации, здруженија на граѓани и фондации;
50. Наративен и финансиски извештај за „Театарски фестивал 5ре“ од ЗГ „Плус публика“- Велес за 2025 година

Се премина кон расправа на точките

**ТОЧКА 1. Советнички прашања**

**Драган Димески**

1. Кога ќе заврши реконструкцијата на ул. Белградска? (одговори Градоначалникот)

**Александар Кукулев**

1. Предлог за дел од планинскиот масив Бреза да се адаптира за времени куќички со цел воспоставување планински туризам. (одговори Градоначалникот)

**Невзад Муаремовски**

1. До каде е поставувањето на попречна препрека која се поставува на улиците со цел да се намали брзината на возилата, т.н. лежечки полицајци и на која локација истите би биле поставени? (одговори Градоначалникот и раководителот (по овластување) на Одделение за комунални работи и сообраќај, Славче Велков)

**Нада Јованова**

1. Иницијатива за поставување автобуска постојка во непосредна близина на ООУ „Панко Брашнаров“ (одговори Градоначалникот, да се достави и писмен одговор)

**Игор Смилев**

1. Кога последен пат е проверена статиката на мало мовче, дали се планира негово осветлување и поставување на пристапни рампи од двете страни на мовчето? (одговори Градоначалникот)
2. Што се планира со лицата кои живеат во субстандардни услови од десна страна на автобуската станица? (одговори Градоначалникот)
3. Што ќе се преземе и кога за решавање на проблемот со асфалтирање на улици, изградба на тротоари, канализација и сл. во населба Речани?
4. На кој начин и кога ќе се регулира начинот на паркирање пред Комерцијална банка? (одговори Градоначалникот)
5. Колку чини фонтаната која е во изградба во нова Населба? (одговори Градоначалникот)
6. Кога планирате да донесете стратегија за зеленило и зелен катастар?(одговори Градоначалникот)
7. Кога ќе се распише Оглас за инспектор за животна средина?(одговори Градоначалникот)
8. Што ќе се прави со парите што му се доделени на РК „Фрутленд Борец“?(одговори Градоначалникот)
9. Дали е срушена дивоградба во февруари 2025 година и за која дивоградба се работи? (писмен одговор)
10. Дали знаете дека СОВ нема донесено цена за поскапување на цените за градскиот превоз? (писмен одговор)
11. Дали имавте сознание за сечењето на зимзелените дрвја кај катната гаража и зошто не се преместени и засадени на друго место? (одговори Градоначалникот)

**Димитар Абрашев**

1. Дали се планира реконструкција на влезовите на град Велес кај с.Башино село и н.Отовица ? (одговори Градоначалникот)
2. Зошто не е доставен Записникот за предвање на градски базен со претходниот закупец? (одговори Градоначалникот)
3. До каде е реконструкцијата на паднатиот потпорен ѕид на ул.„Даме Груев“?(одговори Градоначалникот)

4. Дали се планира реконструкција на патеката покрај езеро Младост, на реквизити и дали се предлага поставување на видео надзор? (одговори Градоначалникот)
5. Дали може да се дозволи отворање на игралиштето кај ООУ„Кирил и Методиј“?(одговори Градоначалникот)
6. Дали се планира реконструкција на железнички премини кај Речани, Порцеланка и Дворови? (одговори Градоначалникот)

**Марјанчо Николов**

1. Дали и кога ќе се реализира проектот со помошното фудбалско игралиште во градскиот парк? (одговори Градоначалникот)
2. Дали ќе се осветли патеката кај железен мост и да се осветли самиот железен мост? (одговори Градоначалникот)
3. Дали и кога ќе бидат осветлени спортските терени? (одговори Градоначалникот)
4. До каде е инфраструктурното уредување на улиците во населба Речани (Васил Иљоски и Стефан Гајдов)? (одговори Градоначалникот)

**Ружица Петрушевска Николовска**

1. Дали се работи катната гаража со очекуваната динамика? (одговори Градоначалникот)
2. Дали почна да функционира стационарот ЗЈП „Шепа“ Кавадарци?(одговори Градоначалникот)

**Катерина Ефремова**

1. Дали имате некаков план во однос на автомобилите и други моторни возила во градскиот парк? (одговори Градоначалникот)

**Трајче Миланов**

1. Да се издаде налог за постапување од страна на градежните инжињери на раскрсницата кај ул.Борис Трајковски на кривината блиску до тротоарот за санирање на две вдлабнатини.
2. Да се достави Известување до ЈП за државни патишта да ја проверат состојбата на мостот кај базенот кој е во нивна надлежност.

**Милица Ристовска Темелковска**

1. До каде е санацијата на мостот кај с.Башино село ? (одговори Градоначалникот)
2. Кој беше надлежен за чистење на коритото на река Вардар? (одговори Градоначалникот)
3. До каде е решението за ул.Милан Страчковски? (одговори Градоначалникот)

**Маргица Урумова**

1. Поради што е запрена постапката кај кејот? (одговори Градоначалникот)
2. Дали општината изготвува проект за реконструирање на зградата на поранешното училиште Ј.Х.К.Џинот? ?(одговори Градоначалникот)
3. Дали општината знае дека се продаваат апартмани на крајбрежјето на Езеро „Младост“, дали истиот објект е изграден согласно намената по Одобрението за градба?(одговори Градоначалникот)
4. Дали Советот има надлежност од одделенијата во општината, особено од Одделението за инспекцискиот надзор да бара квартални извештаи за својата работа? (писмен одговор)
5. Дали се планира косење на тревата кај градскиот парк околу стадионот? ?(одговори Градоначалникот)

**ТОЧКА 2. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.03.2025г.**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.

За расправа со прашања и дискусија се јавија: Игор Смилев и Елизабета Митревска Анѓелеска.

Одговор на поставените прашања даде Градоначалникот.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 10 гласа „за“, 3 гласа „воздржан“ и 1 глас „против“ се усвои Кварталниот извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025г. до 31.03.2025г.

**ТОЧКА 3. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 10 гласа „за“, 3 гласа „воздржан“ и 1 глас „против“ се донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 4. Предлог - одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Анета Спасева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни, со 14 гласа „за“ се донесе Одлуката за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година.

**ТОЧКА 5. Предлог – решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 14 присутни , со 14 гласа „за“, се донесе Решението за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година со кое се одобрува износ од 35.000,00 денари.

**ТОЧКА 6. Предлог – решение за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

Нада Јованова, претседател на Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“, се донесе Решението за одобрување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година со кое се одобрува износ од 25.000,00 денари.

**ТОЧКА 7. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29, и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски –Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1.27, ГП 1.28, ГП 1.29, и ГП 1.30 во рамките на Измена и дополна на ДУП МЗ Алексо Демниевски –Велес, дел од локалитет Керамидна, Општина Велес.

**ТОЧКА 8. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 15 присутни, со 15 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 7.1 и ГП 7.2 од Блок 7 согласно ДУП „Измена и дополнување на дел од ДУП Димитар Влахов“ Општина Велес.

**ТОЧКА 9. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за препарцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 и ДЕЛ ОД УБ20, УЕ II м.в. Трпезица, со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 16 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 20.47.2 ОД ДУП: ДЕЛ ОД УБ16, ДЕЛ ОД УБ19 и ДЕЛ ОД УБ20, УЕ II м.в. Трпезица, со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ КУЌИ, Општина Велес.

**ТОЧКА 10. Предлог – одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 5 од ДУП: измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ –ЗОНА 2- ВЕЛЕС со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес**

Трајче Миланов, претседател на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, поднесе извештај од работата на Комисијата по оваа точка.

Од страна на овластениот претставник на општинската администрација, Роза Здравева беше дадено појаснување за предложениот материјал.

Се отвори расправа.
За расправа не се јави никој.

По ова точката се стави на гласање. По гласањето се констатира дека од 16 присутни, со 16 гласа „за“ се донесе Одлуката за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 5 од ДУП: „измена и дополнување на детален урбанистички план РЕЧАНИ –ЗОНА 2- ВЕЛЕС со намена А1-ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ, Општина Велес.

**ТОЧКА 11. Предлог – одлука за поништување на Одлука со бр. 25-2823/26 од 08.07.2024 година за утврдување на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ со план за парцелација за ГП 1.6 и ГП 1.7, согласно ДУП: за Централно градско подрачје, дел од урбан блок 32 во УЕ 4 - Општина Велес, Одлука бр. 07-4382/5 од 14.09.2010 година**

